# *АВТОРИТЕТОТ*-ТИРАНИЈА ВРЗ ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС НА ЛИЧНОСТА

„Новиот среден век” или нововековната евроамериканска цивилозација поседува една црта што е исклучително важна за нејзиното подлабоко разбирање. Таа е врзана за појавата на ренeнсансата и протестантизмот, но и за подемот на европската мисла и наука, втемелена на ренeнсансните начела. Споменатата црта е соджана во стремежот и барањето: постоењето да се сведе на рамниште од хоризонталната, антропоцентрична и космопоцентрична димензија. Таквиот третман на светлината на приридата, т.е. на космичкото битие, откриена низ светлината на човечкиот разум, или со него соединета и од него проникната, нашиот воспитен и образовен систем го беше примил како единствен извор на знаење, но и како темел на човечкото постоење и дејствување. Световното просветителствои е озаконето како исходиште на човекот и човечноста, поради што ја допира и детерминира неговата онтологија, но и реализацијата на наеговата конечна смисла. Hic et nunc да се биде и да се дејствува е единственото човечко битисување и постоење. Битието и времето се поистоветени.

Очигледно е дека секуларизираното нововековие суштински му се враќа на хеленското, кружно, детерминистичко поимање на стварноста, со тоа што носи нешто ново, наследено од јудео-христијанското предание., Имено, јудео-христијанското предание ги втемелува битието и времето на конкретносто присуство на живиот Бог, односно Логосот, и на творечкиот чин, пробивот и влегувањето на вечниот Логос Божји во матицата на животот и светот. На тој начин, човекот и космосот, а потем и севкупната творечка историја, стекнува линеарна, нагорна – растечка и отворена, динамичка насоченост и смисла. Сега светот не е повторување на вечно истото, зашто се стекнува со

дарот на можноста да излезе од себе самиот и да се ослободи од оковите на нужноста и ќор-сокакот. И токму со тоа може да се објасни знаењето на нововековието за напредокот, чувствувањето на суштинското значење на постоењето во времето како можност за ново, на важноста на материјата и телото, на важноста на сегашниот момент.

Но, токму тука се ископува непремосливиот парадокс и противречност. Зашто, во оној момент кога верата во космичкиот динамизам и во историскиот развиток и напредок (личен и општествен, творечки) ќе се откине од онтолошките претпоставки наследени од јудео-христијанското предание и од есхатолошката отвореност за излегување од историскиот детерминизам во полнотата на невечерниот ден осми, како што всушност се случува во нововековието, - човекот неминовно се соочува со трагизмот, поточно со бесмислата на се што се твори и збиднува. Чувствувањето на трагизмот и бесмислата е онолку подлабоко, споредено со древно-хеленското, колку што е подлабока свеста за светот и местото на човекот во светот.

И навистина, колку човекот му е подоследен на ставот постоењето да се сведе на световност толку е посвесен дека секој прогрес наликува на змија што се храни со својата опашка, голтајќи се самата себеси. Начинот на кој се манифестира нелогосната лудост на „сизифофскиот прогрес” ќе го илустрираме преку примерот на двете клончиња на нововековието отсликано од нас, чии плодови не „хранат” и нас Македонците.

Првото клонче, развивано и разработувано особено од епохата на европското просветителство (илуминизам) де денсека, е втемелувањето и поимањето на просветителството, т.е. втемелувањето на човечкото достоинство без светоста и надвор од неа. Второто клинче е вообличено од трагичниот мислител и писател Албер Ками и отприлика гласи вака:

единствен битен проблем за човекот на нашево (и секое друго) време е проблемот како да се стане светител без Бога. Всушност, и двете клончиња никнат од ист корен. И за двете тези световноста и историското време се извор и вовир на битието и постоењето.

Просветеноста и од неа предизвиканото просветителство на новиот век извлекува знаење од сетилниот свет и од разумот. Воспитниот процес е лудо жртвуван за сметка на образовниот. Ископана е провалија меѓу умот и срцето. Предизивикан е раскол меѓу умот и духот. Умот е дводимензионално омеѓен и претворен во депо на информации. Нивниот кванитет му се противставува на квалитетот. И се враќа на древната античка максима: „Αντροπον μετρον πανδον”.

Човекот создаден според моделот на европското волтеријанско и картезијанско просветителство, трага по совршенството и по смислата на животот во рамките на иманентното, одавдестраното и сегашното, прифатено како единствено вистинско постоење. Просветителството се задоволува „со советите на здравиот разум” и со нивниот морализам, поради што светоста не му е потребна. Ками, пак, таинствено испушта крик поради изгубената светост и заради светителството, меѓутоа, затруен од самозаљубеноста и солипсизмот.

И двете клинчиња се строго антропоцентрично детерминирани. Човекот се прима како апсолутен критериум на се, како авторитет.

Но, токму нашево време на плурална противречност се доликува со, во историјата незапаметен, бунт против секој вид авторитет и „тутортсво”. Без оглед нато а дали авторитетот има: религиозно, морално, општествено, семејно или институционално потекло, ставен е под прашален знак и разнишан од една длабока криза. Таа севкупна криза го

проникнала и процесот на образување и воспитување на личноста, неговите вредности и вели. И во таа област, според зборовите на познатиот педагог Пол Лангран, „се е доведено во прашање”. Авторитетот станал симбол на насилство и принуда. „Што е авторитетот, што е Бог”, - пишувало на ѕидовите на Сорбона за време на студентските немири во месецот мај 1969 година. Во продолжение стоело: „И едното и другото се слика на таткото чија природна функција е – да врши насилство”.

Според фројд, ваквата рекција си наоѓа подлога во Едиповиот комплекс т.е во скриената жед на детето да исчезне таткото, како соперник во однос на мајката. Според Фројд, овој комплекс ја одразува „потсвеста” на целото човештво. Идејата на фројд за скриената жед за таткоубиството е радикално продлабочена од идејата за „таткото-садист”, кој со своето насилство ја загрозува „мојата личност” и нејзиниот интегритет и како таков треба да се уништи за „јас” да можам да постојам. Таа идеја, овојпат пренесена на секој авторитет, особено на Бога како извор на секој вид на авторитет, според тоа и на воспитниот и образовниот, со тоа стекнува свое метафизичко значење и застрашувачки размери. Се добива впечаток дека атомската бомба најпрво експлодирала внатре во човекот, па дури отпосле вом Хирошима.

Впрочем, на духовен, внатрешен план и на планопт на човечката психа, станува збор за еден континуиран процес, кој на невидлив начин ги потресува сите слоеви на душевното ткиво, подеднакво и на индивидуален и на колекивен план. Овој земјотрес се пројавува низ модерниот атеизам и секуларизам. Секуларизмот од атеистички тим не само што ги одрекува наследните општествени структури туку Бога го прогласува за виновник на сите дехуманизирачки наследни структури. Идејата за Бога се прикажува како врв на алиенација на човекот и од самиот себе. На тој начин, современиот „научен” и

„ослободувачки" атеизам, особено оној по Хегел, маркс, Фројд, односот меѓу Бога и човекот го третираат како еднос меѓу „господар" и „роб". Идејата за Бога е врв на сите забрани и потчинувања.

Токму поради тоа, универзитетот кај нас, докрај схоластицизиран и поставен на темелите на научниот материјализам и атеизам, се претвори во кланица на човечки души и во фабрика за произведување доховни јаничари според клишето на една увезена идеологија, без онтогенетска врска со нашето словено-византиско битие. Отстранувањето на Бога од свеста и од животот, како заборавање на Бога, и прогласување на неговата заповед за лажна, рамно е на „таткоубиството". Суштината на секое бесбоштво, па и на нашето содржана е во тезата: „Бог и пречи на човечката среќа". Змискиот, демоснки шепот дека Бог и неговиот збор се лага и дека вистинскиот живот и знаење се надвор од него, истоветен е со Марксовотои Сартровото поимање дека Бог е отуѓување и „празнење" на човекот од неговата вистинска човечност и дека човечка света должност е да се откаже од таквиот Бог и да го одрече заради своето достоинство.

Меѓутоа, ако се работи за Бог сфатен како авторитет и воопшто за сите видово авторитети од таков тип, тогаш бунтот е оправдан, зашто се работи за бунт против лажниот Бог. Тоа веќе не е револт против Отецот, ами, навистина, револт против „таткото-садист". Henpoѕиранаta гревовна темнина и „гревовното тело" го замаглиле пристапот до вистионскиот Бог, а неговото место го пополниле со идоли што вршат насилство над природата. За бунтот од тој тип вистинскиот Бог останува непознат, па дури е можно зад него да се крие и потсвесната жед за него (Бога).

Вистински авторитети се само оние што се способни во секој момент да станат доброволни жртви „за живот на светот",

оние на кои саможртвеноста им е срж и содржина. Авторитетот што други жртвува заради себеси, или ги употребува без нивна слободна согласност како средство за остварување дури и на најсветата цел, неминовно ќе се претвори во „татко-садист". Таквиот авторитет уште од самиот почеток е венчан со насилството и нему насилството му е во природата.

Трагичниот кошмар на модерниот свет ги исполнува срцата на највидовитите луѓе на денешницата со црни претчувства за неговата иднина. Тој има свои подлабоки корени, од една страна – во објективираните општествени структури, од сдруга страна – во револтот против нив, изречен на извонредно радикален начин во револуционерните превирања на минатиот и нашиот век. Почнувајќи од Француската револуција, насилството е морално оправдано како основен метод за постигнување на човечката слобода, братство и единство, т.е. за остварување на радикална преобразба на светот и човечкото општество. Извлекувајќи ја нужноста на историските закони од природниот детерминизам и нужноста, и темелејќи ја слободата на сознанието за историската неопходност, многу модерни револуционери ги прифатија насилството и тиранијата како пат што ќе не одведе до слободата и среќата. Обземени од религиозен фанатизам, овие „освестени" среќници на историјата се обидуваат „историската закономерност" да ја насочат и да и ја уподобат на свста за неа и за човекот како нејзин главен субјект.

Методите што се применуваат при насочувањето и ослободувањето од „отуѓувачките" структури на минатото, според духот им се истоветни на методите на средновековната инквизиција, со тоа што се за разлика од нив – неспоредливо поразработени и поефикасни. Во името на „идниот" спас и среќа на сеуште неродениот човек, се жртвуваат милиони конкретни личнсоти. Основаната смисла на принудата и насилството на

„татковците" е идната среќа на нивните „синови" Апсолутната слобода на оние што самите себеси се прогласиле за непогрешлива „свест" и „совест" на историјата, преку нивното венчање со власта, станува челичен закон за се уште „неосветените" за историската нужност. На тој начин, најголемите борци против принудата и ропството стануваат гробари на слободата.

*(Просветен работник, бр. 730, 17 мај 1991 год.)*